**Градоначалник**

**Република Северна Македонија**
**Општина Неготино**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА НЕГОТИНО
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бр 04-115/7
26.01.2026 год
НЕГОТИНО

[redacted]

Врз основа на член 11-к став (1), (2), (3) и став (4) од Законот за Пожарникарство („Службен весник на РМ“ бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15, 39/16 и „Службен весник на РСМ“ бр.152/19), Градоначалникот на општина Неготино во постапка на унапредување на професионални пожарникари преку Интерен оглас бр.01/2026, ја донесе следната

## О Д Л У К А
## За избор на професионални пожарникари по пат на интерен оглас

**1**.По интерниот оглас бр.01/2026 објавен на ден 16.01.2026 година за унапредување на професионални пожарникари во ТППЕ на општина Неготино за работното 1) Водич на група за противпожарна заштита со шифра на работно место: ПОЖ0210В02000 (2 извршители), се избираат кандидатите **Нацо Димов** и **Стојан Милошевски** и за работното место 2) Командир на одделение со шифра на работно место: ПОЖ0210Б04000 (1 извршител), се избира кандидатот **Будислав Станојковиќ.**

**2**.По завршувањето на постапката за избор и конечноста на оваа одлука, ќе се донесе соодветно решение за распоредување на професионалните пожарникари.

**3.**Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Општина Неготино на својата интернет страница објави интерен оглас бр.01/2026 година на ден 16.01.2026 година за унапредување на професионални пожарникари во ТППЕ на општина Неготино. Комисијата за селекција и унапредување на професионалните пожарникари по извршената административна селекција утврди дека од пријавените вкупно 3 кандидати сите беа уредни. По извршеното интервју и доставената финална ранг листа на кадидати, Градоначалникот на општина Неготино изврши избор како во дипозитивот на оваа одлука.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против оваа одлука кандидатот има право да поднесе жалба до Општина Неготино во рок од 8(осум) дена од објавување на одлуката на ВЕБ страницата на институцијата.**

Г р а д о н а ч а л н и к
Марија Нацева

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
"ГРАДОНАЧАЛНИК"
ОПШТИНА НЕГОТИНО

Доставено до:
- Кандидатите
- Одделение за управување со човечки ресурси
- Архива

Изработил: Елизабета Камчева
Раководител на Одделение за управување со човечки ресурси